**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-44/2**
**Скопје,07.03.2025 година.**

Записник од дваесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 07.03.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-ѓа Јечена Догазанска Колева член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесеттата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесетта седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола
2. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес
3. Донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија
4. Донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар
5. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево

6. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
7. Донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
8. Донесување на одлука за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово
9. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
10. Донесување на одлука за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид
11. Донесување на одлука за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
12. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш
13. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
14. Донесување на одлука за избор на четиринаесет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје
15. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга
16. Донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Струмица
17. Донесување на одлука за избор на четворица јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово
18. Донесување на одлука за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип
19. Разно

Вака предложениот дневен ред од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се имаат пријавено вкупно 39 кандидати, еден кандидат е со неуредна документација, пет кандидати ги имаат повлечено пријавите.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола се има пријавено еден кандидат со завршена обука од АСЈО. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатот по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека самиот факт што се има пријавено кандидат за ОЈО Битола го радува, кажа дека кандидатот ги исполнува условите и ќе гласа за избор истиот за избор за јавен обвинител во ОЈО Битпола.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека при изборот нема конкуренција, а воедно бил и член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со кандидатот. Од стручен аспект кандидатот покажал солидно и напредно познавање на процесното право, ЗКП и КЗ, анализа и солидна дикција при самиот разговор што цени дека секој јавен обвинител треба да го поседува. Воедно истакна дека кандидатот исклучиво сакал да биде јавен обвинител.

Членот на Советот г-дин Ардиан Демири кажа дека како член на Комисијата која го спроведувала интервјуто кандидатот оставил солиден впечаток во однос на пристапот и погледите на реформскиот дел на јавното обвинителство. Воедно кажа дека ќе даде подршка при изборот на кандидатот за јавен обвинител во ОЈО Битола.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола.

Кандидатот Ангелина Ангелевска Илиевска доби 9 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Ангелина Ангелевска Илиевска за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола ќе ја извршува од 17.03.2025 година.**

Под точката два од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес се нема јавено кандидат.

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија се има јавено еден кандидат. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатот по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека присуствувал на интервјуто кое било водено со кандидатот, дека оставила добар впечаток и смета дека ги исполнува сите услови за да биде избрана за јавен обвинител во ОЈО Гевгелија.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ кажа дека кандидатот има доста стручни познавања од кривичната материја и дека ќе ја подржи при изборот за јавен обвинител.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гевгелија.

Кандидатот Драгиња Аврамчева доби 9 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Драгиња Аврамчева за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гевгелија. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гевгелија ќе ја извршува од 17.03.2025 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот истакна дека на огласот за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар се има пријавено еден кандидат Арсим Адеми поранешен јавен обвинител во ОЈО Гостивар кој по свое барање бил разрешен од функцијата јавен обвинител. Воедно членовите на Советот беа запознаени со неговата биографија и движење во кариерата, по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кој истакна дека станува збор за кандидат кој е од претходна генерација на

кандидати кои завршиле почетна обука за судии и јавни обвинители, а не е од осмата генерација кандидати кои се избираат на денешната седница на Советот. Кажа дека пред една година дал оставка од функцијата јавен обвинител и со став е дека треба да им се даде предност на кандидатите од последната генерација.

Членот на Советот Јелена Догазанска Колева се согласи со колегата Башким Бесими.

Членот на Советот Светлана Стојковиќ кажа дека кандидатите од новата генерација биле успешни во интервјуата и дека оставиле добар впечаток и својот глас ќе го даде за тие кандидати.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар .

Кандидатот Арсим Адеми не доби ниту еден гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители не донесе одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар.**

Под точката пет од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека се има пријавено еден кандидат. Членовите на Советот беа запознаени со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатот по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на Советот г-дин Ермон Незири кој кажа дека бил во Комисијата која го вршела интервјуто со кандидатот, кажа дека станува збор за позитивна личност со познавање на кривично правната материја и го радува фактот што живее во Скопје и спремен е фамилијарно да го напушти главниот град за да биде јавен обвинител во ОЈО Делчево.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кој се согласи со кажаното од страна на колегата, воедно во присуство на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија предложи во вакви случаи кога се пријавуваат кандидати за помали градови во државата, а во тие јавни обвинителства нема јавни обвинители, треба да се размисли и да се поттикне државниот јавен обвинител да им се даде 35% додаток на плата.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се согласи со предлогот, кажа дека Јавниот обвинител на РСМ има право од 1% до 35% додаток на плата, но укажа дека проблемот е во тоа што нема парични средства во буџетот.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево.

Кандидатот Благој Митевски доби 9 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Благој Митевски за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево ќе ја извршува од 17.03.2025 година.**

Под точка шест од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се нема пријавено ниту еден кандидат.

Под точка седум од дневниот ред за избор на двајца јавни обвинители во основното јавно обвинителство Кичево, претседателт на Советот кажа дека на огласот се има јавено еден кандидат Арсим Адеми по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Кандидатот Арсим Адеми не доби ниту еден гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители не донесе одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево.**

Под точка седум од дневниот ред за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека се имаат пријавено тројца кандидати. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографиите и движењето на кариерата на секој кандидат поединечно при што кажа дека еден од кадидатите во моментот ја извршува функцијата судија по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека за три места има двајца кандидати за третиот ќе даде посебно образложение. За кандидатот Ивана Јаневски кажа дека има мотив да биде јавен обвинител и тоа го радува.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово.

Кандидатот Ивана Јаневски доби 9 гласа ЗА, кандидатот Лукман Салихи доби 9 гласа ЗА, кандидатот Јасмина Јанева Сандевска доби 0 гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Ивана Јаневски и Лукман Салихи за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово ќе ја извршуваат од 17.03.2025 година.**

Под точка девет од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се нема пријавено ниту еден кандидат.

Под точка десет од дневниот ред за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека се има пријавено еден кандидат. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографијата и движењето во кариерата на кандидатот. Претседателот на Советот истакна дека кандидатот конкурирал и за јавен обвинител во ОЈО Ресен, но потоа ја повлекол пријавата по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека бил стручен соработник во ОЈО Охрид и дека ги познава состојбите во тоа јавно обвинителство. Смета дека лесно би се вклопив и успешно би ја извршувал функцијата јавен обвинител.

Членот на Советот Ардијан Демири кажа дека бил во Комисијата која го водела интервјуто со кандидатот, кажа дека има долгогодишно работно искуство во ОЈО Охрид, ги познава приликите, запознаен е со човечките ресурси и смета дека неговиот избор ќе има голем придонес во тоа јавно обвинителство.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид.

Кандидатот Ерол Шериф доби 9 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Ерол Шериф за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид ќе ја извршува од 17.03.2025 година.**

Под точка единаесет од дневниот ред за избор на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се имаат пријавено двајца кандидати. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографијата и движењето во кариерата на кандидатите, по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека со задоволство го дава својот глас за кандидатите кои се пријавуваат на огласите во останатите градови во РСМ од причина што сите или поголемиот број сакаат да бидат избрани во Скопје.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ кажа како член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со кандидатите кажа дека станува збор за стручни кандидати, дека дале доста добри одговори на поставените прашања од страна на Комисијата и дека и двата кандидати се имаат јавено само за јавни обвинители.

Г-ѓа Марјана Илиеска истакна дека за поздравување е кандидатот Марија Шокоска како второ рангирана во конечната листа на АСЈО, со

можност според законот да конкурира и за судија се има определено за јавен обвинител. Кажа дека станува збор за исклучително способен кадар кој е спремен да се носи со предизвиците и тешкотиите кои ја носи јавно обвинителската функција и дека бил долгогодишен стручен соработник во ОЈО Прилеп.

Г-дин Ермон Незири кажа и да се пријавиле повеќе кандидати тој би гласал за двата кандидата од причина што станува збор за изградени личности, ја познаваат работата и материјата на јавното обвинителство и воедно дава поттик и на останатите стручни соработници без оглед на годините да запишат АСЈО и станат јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп.

Кандидатот Кирил Јовчески доби 9 гласа ЗА, кандидатот Марија Шокоска доби 9 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Кирил Јовчески и Марија Шокоска за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп ќе ја извршуваат од 17.03.2025 година.**

Под точка дванаесет од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се нема пријавено ниту еден кандидат.

Под точка тринаесет од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека се има пријавено еден кандидат кој ја има повлечено прајавата за ова јавно обвинителство.

Под точка четиринаесет од дневниот ред за избор на четиринаесет јавни обвинители во основното јавно обвинителство Скопје, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за ова обвинителство се имаат уредно пријавено вкупно дваесет и тројца кандидати, од кои 4 ги повлекле пријавите. Членовите на Советот беа запознаени со кратките биографии и двежењето на кариерата на 19 кандидатите. Кажа дека меѓу пријавените кандидати имаа кандидат кој е судија и кандидат кој е јавен обвинител со завршена обука за судии и јавни обвинители. Откако членовите на Советот беа запознаени со биографиите на кандидатите, претседателот на Советот отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека како член на Комисијата која го спроведувала интерјвуто со кандидатите за ОЈО Скопје, сите кандидати оставиле добар впечаток, меѓутоа со одредени разлики, па со оглед дека има пријавено кандидати за ОЈО Скопје повеќе отколку предвидените места на огласот, разликите помеѓу кандидатите ќе бидат земени во предвид при гласањето, но и со резултатите од конечната ранг листа на АСЈО. Кажа дека определени кандидати споредено со останатите кандидати оставиле подобар впечаток кај членовите на Комисијата имајќи ги во предвид дадените одговори кои

биле поставени од страна на членовите на Комисијата за интервјуто. Кажа дека ќе гласа за тие кандидати кои покажале поголема стручност, елоквентност, справување со можни проблеми и сл. За останатите кандидати од новата генерација кои не се издвојуваат со спроведеното интервју, ќе гласа согласно дадената ранг листа од страна на АСЈО. Воедно додаде дека од овие четиринаесет јавно обвинителски места за да се запази принципот на соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во РСМ, смета дека три места треба да бидат на овој начин пополнети, а воедно укажа дека и толку кандидати се имаат пријавено на огласот за ОЈО Скопје, од кој еден е турчин, а двајца се албанци по националност.

Членот на Советот г-дин Ардиан Демири кажа дека пријавените кандидати покажале желба да бидат избрани за јавни обвинители во ОЈО Скопје, и истакна дека при непосредниот разговор со кандидатите посебен впечаток му оставиле кандидатите Бурханедин Нухију, Ирина Црвенковска, Јана Ристеска, Кристијан Смилевски во поглед на нивната желба и размислување како во иднина би се развивало јавното обвинителство.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ се приклучи кон ставовите на колегите со кои биле заедно во Комисијата за интервјуто и воедно додаде дека кандидатите за кои ќе гласа поднеле пријави само за јавни обвинители.

Членот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска како член на Комисијата кое го спроведувало интервјуто смета дека кандидатите кои стриктно се определиле за јавни обвинители би требале да добијат предност при изборот со оглед на нивната стрикна изјава и определеност да бидат идни јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.

Кандидатот Арсим Адеми доби 0 гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ. Кандидатот Робер Митевски доби 0 гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ. Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ за овој кандидат кажа дека има работен стаж во Основен суд Велес од 10 години, дека на интервјуто кажал дека единствена причина зошто конкурирал за ОЈО Скопје е тоа што неговата сопруга работи во ОЈО Велес како стручен соработник. Смета дека негово право е во кое јавно обвинителство ќе конкурира, меѓутоа од спроведеното интервју, кандидатот не и оставил посебен впечаток споредено со некои други кандидати. Кандидатот Сашо Палчевски доби 9 гласа ЗА. За овој кандидат членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека станува збор за квалитететен кандидат кој долги години има работено во Јавното обвинителство. Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека кандидатот има работено во ЈОРСМ и има пофални зборови за него. Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека од 2010 година волонтирал во ОЈО Скопје, од 2016 бил Советник во ЈОРСМ се до запишување на АСЈО и воедно потенцираше дека од сите пријавени кандидати за ОЈО Скопје, истиот е прв на ранг листата на АСЈО и дека станува збор за квалитетен кандидат. Кандидатот Бурханедин Нухију доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Ирина Црвенковска доби 9 гласа ЗА. Членот на Советот Светлана Стојковиќ за овој кандидат кажа дека се работи за кандидат кој има

желба да работи само јавно обвинителска функција, кажа дека на интервјуто давала одлични одговори и размислувања околу реформите во Јавното обвинителство и начинот како би се справувала со притисокот кој што ја носи оваа функција. Г-ѓа Марјана Илиеска исто така кажа дека кандидатот и оставил доста добар впечаток на интервјуто, кажа дека станува збор за динамична и креативна личност која единствено се гледа во јавнобвинителската фела и смета дека со својот интегритет ќе се справи со притисоците кои ја носат оваа функција. Кандидатот Јана Ристеска доби 9 гласа ЗА. Г-ѓа Светлана Стојковиќ за овој кандидат кажа дека од 2014 година има работено како стручен соработник во ОЈО Скопје, кажа дека станува збор за сериозен и посветен кандидат кој има желба да ја продолжи својата работа во ОЈО Скопје, но сега како јавен обвинител. На сите прашања од страна на Комисијата давала исцрпен и темелен одговор и смета дека на кандидатот нема да му треба премногу време за прилагодување. Исто така и членот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска за овој кандидат кажа дека и оставил доста добар впечаток и смета дека станува збор за спремна личност која успешно ќе се справи со предизвиците како јавен обвинител. Кандидатот Милена Новеска Латиновска доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Кристијан Смилевски доби 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ. Кандидатот Бојана Ваневска доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Илир Незири доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Александар Софронијоски доби 9 гласа ЗА. Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека овој кандидат е од тие кои се издвојуваат од останатите кандидати со извршеното интервјуто, кажа дека моментално е и на докторски студии и дека оставил добар впечаток со давање на јасни и прецизни одговори на поставените прашања поврзани со јавното обвинителство. Кандидатот Динче Стојановска доби 9 гласа ЗА. Членот на Советот Светлана Стојковиќ за овој канддат кажа дека работи како виш стручен соработник во ОЈО ГОКК од 2014 година, а претходно од 2009 како помлад соработник и воедно даде пофални зборови за кандидатот. Г-ѓа Марјана Илиеска се надоврза и кажа дека и било предизвик да стане јавен обвинител од причини што 8 години работела во ОЈО ГОКК и смета дека успешно ќе се носи со функцијата јавен обвинител. Кандидатот Марија Секуловска Велковска доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Лиидја Ѓурчиновска Мичевска доби 2 гласа ЗА 5 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ. Кандидатот Марина Галева доби 9 гласа ЗА. Пред да се помине на гласање за кандидатот Орхан Арифовски, членот на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева кажа дека по мајка со кандидатот е во семејни врски и од тие причини бара Советот да ја изземе од гласање. Членот на Советот Јелена Догазанска Колева ја напушти седницата при гласање за овој кандидат. Кандидатот Орхан Арифовски доби 8 гласа ЗА. Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека кандидатот и оставил посебен впечаток се издвоил од останатите кандидати со својата елоквентност, интегритет и амбициозност да се носи со јавно обвинителската функција. Откако се заврши со гласањето членот на Советот Јелена Догазанска Колева се врати да присуствува на седницата. Кандидатот Давид Неделков доби 9 гласа ЗА. Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ за овој кандидат кажа дека на интервјуто давал прецизни одговори, бил смирен, елоквентен и мотивиран да стане јавен обвинител. Кандидатот Јасмина Јанева Сандевска доби 0 гласа ЗА 8 гласа ПРОТИВ и 1 глас

ВОЗДРЖАН. Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека тука иста е ситуацијата како и со Арсим Адеми поточно огласот е намески за избор на кандидати од 8-та генерација. Кандидатот Маја Грозданоска ги има повлечено документите за избор за јавен обвинител во ОЈО Скопје и Кандидатот Зоран Маркоски доби 0 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Сашо Палчевски, Бурхамедин Нухију, Ирина Црвенковска, Јана Ристеска, Милена Новеска Латиновска, Кристијан Смилевски, Бојана Ваневска, Илир Зајази, Александар Софронијоски, Динче Стојановска, Марија Секуловска Велковска, Марина Галева, Орхан Арифовски и Давид Неделков за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје ќе ја извршуваат од 17.03.2025 година.**

Под точка петнаесет од дневниот ред за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се нема пријавено ниту еден кандидат.

Под точка шеснаесет од дневниот ред за избор на двајца јавни обвоинители во Основното јавно обвинителство Струмица, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се има пријавено еден кандидат. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографијата и движењето во кариерата на кандидатот, по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица.

Кандидатот Кире Манински доби 9 гласа ЗА.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Кире Манински за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица ќе ја извршува од 17.03.2025 година.**

Под точка седумнаесет од дневниот ред за избор на четворица јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се имаат пријавено четири кандидати, а претходно еден кандидат ја има повлечено пријавата. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографијата и движењето во кариерата на кандидатите, по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово.

Кандидатот Арсим Адеми доби 0 гласа ЗА. Кандидатот Илзана Касами Шабани доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Стефан Попоски доби 9 гласа ЗА. Пред да се помине на гласање за кандидатот Блерим Бесими, заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими побара од страна на Советот да биде изземен од гласање поради судир на интереси. Членот на Советот и заменик претседател на Советот г-дин Башким Бесими ја напушти седницата при гласање за кандидатот Кандидатот Блерим Бесими.

Кандидатот Блерим Бесими доби 8 гласа ЗА. Г-дин Ермон Незири зема збор и кажа дека кандидатот работи во тоа јавно обвинителство 15 години и смета дека сосема заслужено и квалитетно ќе ја извршува јавно обвинителската функција. Членот на Советот Ардиан Демири исто така кажа дека кандидатот му оставил одличен впечаток и желба да биде јавен обвинител уште како студент на правниот факултет. Смета дека е соодветен кадар за јавен обвинител во ОЈО Тетово.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Илзана Касами Шабани, Стефан Попоски и Блерим Бесими за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово ќе ја извршуваат од 17.03.2025 година.**

Пред да се помине на точка осумнаесет од дневниот ред за избр на тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип, членот на Советот г-дин Башким Бесими се врати да земе учество по оваа точка од дневниот ред. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот се имаат пријавено тројца кандидати од кои двајца се од 8-та генерација и еден кандидат е тековен судија. Воедно членовите на Советот беа запознаени со биографијата и движењето во кариерата на кандидатите, по што се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева која за кандидатот Луција Кашуба кажа дека има долгогодишно работно искуство со договор на дело во тоа јавно обвинителство како стручен соработник и работела и хонорарно со голема желба спрема работата. Кажа дека станува збор за стручен кадар, доверлива, професинална со интегритет и заслужува да биде избрана за јавен обвинител.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип.

Кандидатот Здравко Кескинов Жежов доби 8 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН. Кандидатот Луција Кашуба доби 9 гласа ЗА. Кандидатот Јасмина Јанева Сандевска доби 1 глас ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Здравко Кескинов Жежов и Луција Кашуба за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип ќе ја извршуваат од 17.03.2025 година.**

Откако никој не зема збор под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесеттата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**